ОПШТИНА ОХРИД

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид, Градоначалникот на општина Охрид објавува

# КОНКУРС
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

**Воведни напомени:**

Општина Охрид за учебната 2025/2026 година ќе додели стипендии на ученици од средни училишта и тоа:

- Стипендии за талентирани ученици од I, II, III и IV година од средните училишта во општина Охрид;
- Стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови од I, II,III и IV година од средни училишта;

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.000,00 денари месечно за 9 (девет) месеци во текот на учебната 2025/2026 година.

**Напомена: еден ученик може да биде носител само на една стипендија од било која категорија.**

## 1. Стипендии за талентирани ученици

А) Право на стипендија **за талентирани ученици** имаат кандидатите кои учат во средните училишта во општина Охрид, а ги исполнуваат следниве услови:

1. Да се жители на општина Охрид;
2. Да се редовни ученици (во I, II,III и IV година);
   Напомена: Општина Охрид ќе додели стипендии и на талентирани ученици во I година запишани во средните училишта, кои критериумот за талентираност го постигнале како ученици во IX одделение, согласно критериумите наведени во Конкурсот;

3. Ученици, жители на општина Охрид кои учат во друга општина во општинско или јавно средно училиште, кое не е застапено во општина Охрид;

4. Да освоиле диплома за поединечно освоено I, II или III место на државни натпревари организирани од акредитирани здруженија, асоцијации, федерации или сојузи на наставници, за учебната 2025/2026 година;

5. Да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании (не се мисли на користење на финансиска поддршка од Владата).

**Начин на пријавување**

Учениците кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец - **пријава** ,поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Со пријавата, за добивање стипендија за талентирани ученици, потребно е да се достават следните документи:

- Извод на родени на ученикот (копија);
- Копија од трансакциска сметка на ученикот (доколку има) или на еден од родителите;
- Потврда дека е редовен ученик во учебната 2025/2026 година (оригинал);
- Копии од дипломи за освоени награди, признанија и дипломи во изминатата 2024/2025 година;
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма;
- Изјава потпишана од родител-старател за обработка на личните податоци на кандидатот.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk или можат да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

**2. Стипендии за ученици кои живеат во потешки социјални услови**

Б) Право на стипендија за ученици кои живеат во потешки социјални услови имаат кандидатите кои учат во средните училишта во општина Охрид, а ги исполнуваат следниве услови:

1. Да се жители на општина Охрид;
2. Да се редовни ученици (од I, II,III и IV година);
3. Ученици, жители на општина Охрид кои учат во друга општина во општинско или јавно средно училиште, кое не е застапено во општина Охрид;
4. Да оствариле континуиран одличен успех (просек 4.5 - 5.0) во текот на средното образование а за учениците од I година во периодот од VI до IX одделение;

Да живеат во потешки социјални услови:

- износот на вкупните примања на сите членови во семејството да не е поголем од износот на две минимални плати;
-ученикот да живее со самохран родител/старател или да е без родители;
- ученикот да живее во семејство кои е социјален случај / да се приматели на еднократна или постојана парична помош;
- ученикот од прва линија во семејството да има лице со физичка, психичка попреченост или ретки болести;

**Начин на пријавување**

Учениците кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за **пријава** поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Во прилог на пријавата, потребно е да се достават следните документи:

- Извод на родени на ученикот (копија);
- Копија од трансакциска сметка на ученикот (доколку има) или на еден од родителите;
- Потврда дека е редовен ученик во учебната 2025/2026 година (оригинал);
- Копија од свидетелства за остварен успех за изминатите години во средно образование, а за учениците кои се запишани во I година во учебната 2025-2026 година да достават копија од свидетелства од VI до IX одделение;
- Потврда за висината на примањата (Годишна пријава) на сите членови на семејството на ученикот, издадена од УЈП;
- Копија од извод на умрени за ученици од самохран родител или без родители;
- Копија од Решение од суд за развод на брак за ученик од самохран родител;
- Копија од потврда дека семејството е корисник на социјална помош;
- Наод и мислење за видот и степенот на физичката, психичката попреченост или специфичните потреби на членот на семејството на ученикот издадено од страна на Центрите кои го утврдуваат истиот;
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма (не се мисли на користење на финансиска поддршка од Владата);
- Изјава потпишана од родител/старател за обработка на личните податоци на кандидатот.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk или можат да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

**Рок на пријавување**

Потребните документи, учениците треба да ги достават **до 16 февруари 2026г.** на адреса: Општина Охрид ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 57- Охрид, во затворен плик со назнака **„За Комисија за спроведување на Конкурсот за доделување стипендии на ученици од средните училишта во општина Охрид“,** лично во Архивата на Општина Охрид или по пошта**.**

**За дополнителни информации може да се обратите на тел. 046 262 492 лок.199.**

Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков